(Образец ПП……)

**До: Народна Банка на Република Северна Македонија** 02-20876/1
**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:**
**е-пошта:**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: Н / П
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. *Кое друштво за ревизија било ангажирано за вршење ревизија на финансиските извештаи на Еуростандард Банка АД Скопје за деловната 2019 година?*

2. *Молам да ми се достави фотокопија од ревизорскиот извештај со ревидираните финансиски извештаи на Еуростандард Банка АД Скопје за деловната 2019 година, како што се доставени до Нардоната Банка на Република Северна Македонија?*

3. *Доколку не е доставен ревизорскиот извештај за финансиските извештаи на Еуростандард Банка за деловната 2019 година, молам да ми се достави следното како информација:*

   3.1 *Дали и кога друштвото за ревизија согласно неговите законски обврски доставило информација за работењето на Еуростандард Банка АД Скопје за деловната 2019 година до Народната Банка на Република Северна Македонија?*

   3.2 *Каква информација доставило друштвото за ревизија за работењето на Еуростандард Банка АД Скопје за деловната 2019 година до Народната Банка на Република Северна Македонија?*

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- (в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 21.08.2020 година.**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), на 9 септември 2020 година, секретарот на банката како службено лице за посредување со информации од јавен карактер, донесе

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ОДБИВА** барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 02-20876/1 од 21.08.2020 година, поднесено од

## Образложение

Од страна на лицето од Пробиштип, по пошта доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, примено во Народната банка на 21.08.2020 година и заведено под број 02-20876/1. Со барањето, барателот бара да му бидат доставени податоци поврзани со друштвото за ревизија на финансиските извештаи и фотокопија од ревизорскиот извештај на „Еуростандард банка АД Скопје во стечај" за деловната 2019 година, како и податоци доставени од друштвото за ревизија до Народната банка.

Имајќи го предвид фактот дека бараните информации од досието на „Еуростандард банка АД Скопје во стечај" во Народната банка како имател на информации не се јавни информации, односно истите не се дел од листата на јавни информации, барањето за пристап до информации од јавен карактер се одбива.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр. 02-20876/2
9 септември 2020 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

**Правна поука**: Незадоволниот учесник има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Копија до:
- Дирекција за правни работи;

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа)
Факс: 02 3108-357 (Централа)
www.nbrm.mk